**ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

ул. „Каменичка“ бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 09-2074/1
16.10.2023

Врз основа на Програмите за работа на Советот на Општина Македонска Каменица и Правилник за доделување на еднократна парична помош на семејства со ученик запишан во прва година во СОУ,,Миле Јаневски Џингар,, Македонска Каменица бр.08-1899/1 од 27.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го објавува следниот:

## ЈАВЕН ПОВИК

**1.**Општина Македонска Каменица застапувана од Градоначалникот Димчо Атанасовски, согласно Програмите за работа на Советот на Општина Македонска Каменица за 2023 година и согласно Правилник за доделување на еднократна парична помош на семејства со ученик запишан во прва година во СОУ,,Миле Јаневски Џингар,, Македонска Каменица бр.08-1899/1 од 27.09.2023 година, упатува Јавен повик до сите семејства кои имаат ученици кои за прв пат се запишани во прва година средно образование. **гимназиско образование, текстилно-кожарска струка, геолошко-рударска и металуршка струка.**

Правото на еднократна парична помош на семејства со ученик кој за прв пат е запишан во прва година во СОУ,,Миле Јаневски Џингар,, Македонска Каменица **во машинска струка** согласно овој Правилник, ќе го остварат семејствата на оние ученици кои нема да добијат државна стипендија за дуално образование машинска струка.

**2**.Родителите/старателите, кои ќе се пријават на јавниот повик кон барањето треба да достават:

- Потврда во оригинал за запишан ученик во прва година издадена и заверена од Средното Општинско Училиште „ Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица;
- Потврда во оригинал дека ученикот во прва година не е корисник на друга стипендија, издадена од Средното Општинско Училиште „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица;
- Фотокопија од извод од матична книга на родените (за ученикот во прва година запишан во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица);
- Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа за еден од родителите/старателите;
- Фотокопија од активна трансакциска сметка за истиот родител/старател од кој е приложена копија од лична карта или патна исправа.

**3.**Пријавата потпишана од родителот/старателот и потребната документација се доставува до архивата на Општина Македонска Каменица непосредно, по пошта или во електронска форма.

Во електронска форма пријавата и документацијата се праќаат на официјалната електронска адреса на Општина Македонска Каменица opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk со назнака ,,за јавен повик за доделување на еднократна парична помош на семејства со ученик запишан во прва година во СОУ,,Миле Јаневски Џингар,, Македонска Каменица.

Рокот за пријавување е до 30 Ноември 2023 година.

Барањата за машинската струка можат да се доставаат до Општина Македонска Каменица и по истекот на рокот за поднесување, зависно од завршената постапка пред Министерството за образование и наука.

**Општина Македонска Каменица**
**Градоначалник,**
**Димчо Атанасовски**

Изготвил: Анета Темчева